**Васил Ѓоргиев - Ликин**

# КИНОПРИКАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО СТРУМИЦА ОД ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК ДО 1945 ГОДИНА[1]

Во овој труд ќе се обидеме фактографски да изнесеме и уточниме некои нови моменти и сознанија за киноприкажувачката дејност во Струмица од почетокот на 20 век па се до 1945 година, до коишто дојдовме во текот на нашите истражувања. Во таа смисла, веднаш ке напоменеме дека истражувањата на оваа поле не се завршени, тие и натаму продолжуваат, такашто овој наш прилог го сметаме за скромен допринос не само кон проучувањата на киноприкажувачката дејност во Струмица, туку и како мошне скромен допринос во постојните напори за посеопфатно проучување на македонската кинематографија во целина.

Посочениот период на интерес во филмолошката историографска номенклатура се именува како период на спонтана кинематографија и таа во себе содржи три фази: 1897 - 1918, 1918 - 1941 и 1941 - 1945[2]. Вака востановената периодизација, заради подобра прегледност, и ние ќе ја користиме во понатамошното излагање на нашава тема.

## Збор два за почетоците - некои нови моменти
## (1897 - 1918)

Според досегашниве сознанија првите филмски проекции во градот се одржале во 1918[3], односно во 1923 година[4] и се поврзани со името на

---

[1] Трудот "Киноприкажувачката дејност во Струмица од почетокот на XX век до 1945 година", е објевен во списанието "Кинопис", година XX, 2009, 37 - 38, стр. 17 - 27. Овде се објавува интегрално со извесно дополнување, односно дообјаснување. За тоа види во Белешка 39.

[2] Поопширно за ттоа види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот на почвата на Македонија, Скопје, МАНУ, 2007, 111 - 136

[3] Види: на истото место

струмичанецот Никола Баџаков ( 1895 - 1961)[5], којшто набавил сопствен проектор за нем филм[6], односно проектор без тонска апаратура, натаму агрегат на течно гориво, без когошто проекциите би биле невозможни и неколку филмови.[7]



*Никола Баџаков (1895 – 1961)*

(фото - архива, Завод и Музеј – Струмица)

Постојат сознанија и за одредени локации во градот кадешто се одржувале филмските проекции и тоа: во влачарницата на Станоеви[8] и нешто подоцна во дуќанот на Петар Белев[9], итн.

Овде, секако треба да го спомeнеме и патувачкото кино на Јордан Енчев од Бугарија, кое, нешто порано, гостувало низ селата од струмичкиот

---

4 Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев од Струмица, Кинотечен месечник, бр. 26, (Кинотека на Македонија), Скопје, 1982, 23

5 Види: Домовник парохије Струмичке, кн. I, 2; Димитар Баџаков, Реминисценции за татко ми Никола Баџаков, запишал Васил Горгиев - Ликин, Струмица, 2009

6 Според секавањата на Д. Баџаков, татко му уште како мал се интересирал за техника. Бидејки бил син на поимотен човек можел да си дозволи патувања низ Балканските земји и пошироко, кадешто всушност и се запознал со филмската уметност. Кинопроекторот го купил татко му, Коте Баџаков, роден во 1861 година, и по професија бил бакалин, односно трговец.( види: Димитар Баџаков, Реминисценции за татко ми...; Домовник парохије Струмичке, кн. I, 2)

7 Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев...; Димитар Баџаков, Реминисценции за татко ми...

8 Види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136

9 Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев...,

крај, односно  во зимата 1913 година, кога овој дел од Македонија бил присоединет кон Царството Бугарија.[10]

Патем, само да споменеме дека на Јордан Енчев не му било дозволено да одржи кинопроекција во градот [11].

Сега, ќе се обидеме да изнесеме некои наши нови сознанија коишто се однесуваат на почетоците од киноприкажувачката дејност во Струмица.

Уште на почетокот, веднаш ќе истакнеме дека во текот на нашите истражувања дојдовме до сознанија според кои во месец март 1915 година, значи во текот на Првата светска војна[12], во Струмица се одржале неколку филмски проекции.  Засега, оваа се податоци со најстар датум, но дали можеме да кажеме дека, всушност, тоа биле првите одржани филмски проекции воопшто, останува да го  потврдат понатамошните истражувања. Ова го велиме затоа што Струмица е едно од поважните транзитни центри кај нас, такашто не е невозможно некое од патувачките кина коишто крстареле низ Македонија, и  порано, уште пред 1915, да гостувале во градот. Впрочем, тоа ни го покажува и примерот со патувачкото кино на Јордан Енчев, кој, како што споменавме погоре, иако стасал до Струмица, не успеал да одржи филмска проекција во самиот град .



[10] Поопширно види: Костадин Костов, Титаник во Струмичките села, Кинопис 25 (14), Скопје, 2002, 15 - 17; Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136

[11] За тоа види: Костадин Костов, Титаник во Струмичките села, 17

[12]Во овој период Струмица сеуште не била зафатена од виорот на Првата светска војна. Имено, како што и споменавме на едно место во овој труд, Струмица од 1913 година се наогала во состав на Царството Бугарија. Кон крајот на 1915, таа ќе им се приклучи на Централните сили, со што започнува нејзиното  активно учествува во Првата Светска Војна. Сепак, прикажувањето филмови во Македонија се одвивало и за време на војните. Имено, Балканскиите војни и Првата светска војна биле фронтовски, такашто животот во населените места се одвивал релативно мирно; за тоа и за воените подвижни кина во Македонија поопширно види:  Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136

И уште нешто. Во периодот на Балканските и Првата светска војна (1912 - 1918), во Струмица постојано имало стационирано поголеми воени единици, такашто воопшто нема да биде изненадување ако при идните истражувања наидеме на податоци коишто ни зборуваат за прикажувачка активност и на некое од подвижните воени кина.

Но, да се вратиме сега на 1915 година.

Според распоредот на Американската мисија при Евангелската црква во Солун било предвидено во текот на март 1915 година во Струмица и струмичкиот крај да допатува извесен М. Н. Попов[13] со задача да одржи религиозни собранија во постојната Евангелска црква во градот, но и во околните населени места кадешто егзистирале истоимени цркви.[14] Секретарот на Црквата во Струмица Пане Д. Темков[15] во поднесениот Извештај за посетата не известува дека М. Н. Попов во Струмица пристигнал вечерта на 9 март и во градот и околината се задржал до 15 истиот месец[16]. Од Извештајот го дознаваме и тоа дека М. Н. Попов, покрај одржаните религиозни собранија, за граганството, но и посебно за децата и учениците од градот, во една од просториите на црквата[17], со помош на "волшебен фенер" одржал некакви филмски проекции во 40 слики.[18]

---

[13] Во текот на нашите истражувања не успеавме да дознаеме нешто повеќе за оваа личност.

[14] Види: Државен Архив на Република Македонија - одделение Струмица (понатаму ДАРМС), Фонд на Евангелско - Методистичката црква, 1882 - 1946, (понатаму ФЕМЦ), кутија I, Записничка книга 1895 - 1921, 187 - 188

[15] Пане Д. Темков е роден на 21 декември 1881 година во Кавадрци. Основно училиште завршил во своето родно место, а теолошко образование стекнал во Американското богословско училиште во Самоков. Службувал во повеќе градови: Дојран, Струмица, Скопје и др. места. Во Струмица останал се до 1929 година. Починал во Скопје, во 1971 година; види: Кристина и Михаил Цеков, 120 години Протестантизам во Струмица, Струмица, 2002, 15 - 16

[16] ДАРМС, ФЕМЦС, кутија I, Записничка книга 1895 - 1921, 187 -188

[17] Старата Евангелска Црква во градот, во којашто се одржале филмските проекции, постоеше се до 1988 година. Истата година таа е срушена, а на нејзино место во 1989 е изградена и осветена новата Црква; види: Кристина и Михаил Цеков, 120 години Протестантизам во Струмица, Струмица, 2002, 23 - 24

[18] Види: ДАРМС, ФЕМЦС, кутија I, Записничка книга 1895 - 1921, 187 - 188; Според наше мислење филмските проекции се одржале во просториите на четирикласното основно училиште, коешто во овој период егзистирало при Еванглеската црква во Струмица; види: Кристина и Михаил Цеков, 120 години Протестантизам во Струмица, Струмица, 2002, 9; "Пат

Сега да ги видиме расположливите детаљи од овој настан.

М. Н. Попов, заедно со Пане Д. Темков, всушност, ораганизирал три филмски проекции и тоа:

- на 12 март во вечерните часови, во една од просториите на Евангелската црква, ја одржале првата филмска проекција на којашто за да присуствуваат повозрасните граѓани морале да платат влезница од 0, 50 лева.

- на 13 март се одржала втората филмска проекција, којашто била наменета само за деца и ученици и тоа со влез од 0,20 лева.

- и третата, одржана на 14 март, била наменета исклучиво за "Бежанците"[19], коишто бесплатно ја проследиле истата филмска проекција[20].



*Пане Д. Темков со сирачиња од Балканските војни 1912/13 година пред Евангелската Црква во Струмица*

За жал Пане Д. Темков, во Извештајот нѐ не запознава и со други поединости, меѓутоа, извесно е дека овој настан во градот предизвикал особено внимание, за што ни сведочат трите последователно одржани филмски проекции.

Во текот на истражувањето, и покрај нашите напори, засега, не успеавме да наидеме на сигурни податоци коишто ќе ни ги потврдат сознанијата дека струмичанецот Никола Баџаков во 1918 година одржувал

---

на животот", месечно списание на евангелско - методистичката црква во Југославија, год. XI, бр.3, март 1981, 13; киноопремата, најверојатно, од Солун, ја донел М.Н. Попов.

[19] Всушност, се работи за македонски бегалци од Балканските војни (1912- 1913), претежно од кукушко, коишто, по извршениот невиден терор и геноцид врз незаштитеното население од страна на Грчката војска, свое прибежиште нашле во Струмица и регионот.

[20] Види: ДАРМС, ФЕМЦС, кутија I, Записничка книга 1895 - 1921, 187 - 188;

филмски проекции во "влачарницата на Станоеви"[21]. Според тоа, овој податок и понатаму ќе подлежи на дополнителна проверка, дотолку повеќе што, во некои од постоечките изворни материјали како период во којшто тој ја одржал својата прва филмска проекција се споменува 1923 година[22].

Се обидовме да го лоцираме и објектот кадешто, според досегашните сознанија, од 1918 па се 1923 година се одржувале филмски проекции, а тоа е веќе спомнатата "влачарница на Станоеви". Утврдивме дека ваков објект, своевремено, постоел на местото кадешто денес се наога "старата Стоковна куќа", на ул. "Благој Јанков - Мучето", во строгиот центар на градот, но не под името "влачарница на Станоеви", туку "влачарница на Стаменови", заради тоа што овој објект и влачарницата биле во сопственост на Глигор Стаменов и неговите синови, се разбира од Струмица[23].

**Неколку нови сознанија и детаљи околу киноприкажувачката дејност во периодот од 1918 до 1941 година**

По завршувањето на Првата светска војна, во Струмица се продолжило со киноприкажувачката дејност, којашто, пред се, досега, се поврзуваше со имињата на Никола Баџаков, Илија Џонов[24], како и со Гуљап Сулејманов, којшто пак го изградил постојаното кино "Балкан", во чиј рамки била изградена и летна кинобавча[25].

Исто така, во овој период, како места кадешто се одржувале филмски проекции, се споменуваат и влачарницата на Стаменови, потоа дуќанот на

---

[21] Види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136; тоа не можеше да ни го потврди и Димитар Баџаков, инаку син на Никола Баџаков, види: Димитар Баџаков, Реминисценции за татко ми...;
[22] Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26;
[23] Види: Сеќавање на Маргарита Стаменова Атанасова, запишал Васил Горгиев - Ликин, Струмица, 2009;
[24] Илија Џонов од Богданци во Струмица се доселил во 1929 година. Види: Илинденка Петрушева, Сонце на дирек, Скопје, 2005, 120; во 1936 година, по одлука на Министерството за трговија и индустрија на Кралството Југославија се стекнал со стручното звање кинооператор, види: Државен Архив на Република Македонија (понатаму ДАРМ), Фонд на Министерство за трговија и индустрија на Кралството Југославија;
[25] Види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;

Петар Белев, како и тогашните кафеани "Вардар"[26] и "Југославија"[27], но и во летната бавча на хотелот "Бристол"[28].

Со името на Илија Џонов е поврзано и едно патувачко кино коешто тој го оформил и со коешто реализирал две големи турнеи низ Македонија во 1935 и 1936 година[29].



*Некогашниот хотел "Бристол" – детаљ; фото: Веселин Ристов*

(фото – архива на Завод и Музеј – Струмица)

Но, да одиме сега понатаму со неколку нови сознанија и детаљи околу кинoприкажувачката дејност во овој период.

Во почетокот на 20 - те години, со киноприкажувачка дејност продолжиле да се занимаваат и во Евангелско - методистичката црква, чиишто првични активности на оваа поле, како што видовме и погоре во текстот, датираат уште од 1915 година. Лугето од оваа мала верска заедница во Струмица, мошне добро ја разбрале атрактивноста и привлечната моќ на филмот, такашто, киноприкажувањето, често го користеле при спроведувањето на своите зацртани активности[30]. Филмските проекции[31]

---

[26] Види: Илинденка Петрушева, Сонце на дирек, 120

[27] Кафеаната "Југославија" била во сопственост на браќата Маткови; види: А. Андријевић, Струмица - земља и народ, Ниш, 1923, 46

[28] Во текот на нашите истражувања дојдовме до сознанија дека хотелот "Бристол" се наогал во горниот дел од градот. Неговата изградба завршила во 1925 година, кога и бил пуштен во употреба. Овој објект и ден денес постои и се наога на ул. "5 - ти Ноември" бр. 4; види и: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26; Сеќавање на Маргарита Стаменова Атанасова..; Димитар Баџаков, Реминисценции за татко ми...; А. Андријевић, цитирано дело, 46

[29] Види: Илинденка Петрушева, Сонце на дирек, 117 - 125; истата, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;

[30] Види: А. Андријевић, цитирано дело, 37 - 38

коишто ги организирале во својата црква, но и на други места, а предводени од Пане Д. Темков, во 20 - те години од 20 век, биле мошне посетени од граганството и струмичката младина[32]. Во таа смисла, на една околиска конференција, одржана во 1922 година, инсистирале на тоа дека секој нивни проповедник би требало да се снабди со "волшебен фенер"[33], како би можеле што поуспешно да работат, особено мегу младината по селата...[34]

Понатаму, ја одбележуваме и иницијативата за купување на "Пројекциони апарат"[35], произлезена од "Младинската Христијанска Организација" којашто егзистирала при Евангелско - Методистичката црква во Струмица. Имено, во 1926 година оваа младинска организација оформила "редок", специјален фонд, и отворила посебна сметка, во една од тогашните банки, за собирање на финансиски средства со единствена цел: купување апарат за прожектирање на филмови[36]. Сепак, и покрај тоа што било собрано извесна сума на пари, овој обид за набавување на нова киноопрема пропаднал и завршил неуспешно заради тоа што иницијаторот веќе во 1927 година престанал да постои, односно пројавувал мошне скромна активност[37].

Изградбата пак на првото постојано кино, киното "Балкан"[38], започнала во 1921 или пак најдоцна во 1922 година[39]. За тогашните прилики

---

[31] Овие "филмски вечери" биле збогатувани и со други содржини. Се организирале најразлични едукативни предавања, но се разговарало и на теми од секојдневниот живот. Види: А. Андријевић, цитирано дело, 38

[32] На истото место, 38

[33] Види: ДАРМС, ФЕМЦС, кутија I, Записничка книга 1895 - 1921, 46 - 49

[34] На истото место, Записник од конференцијата одржана на 26 мај 1930 година, Записничка книга 1930 - 1942;

[35] Види: ДАРМС, ФЕМЦС, Протокол бр. 1 од 27 јануари 1927 година, 68

[36] На истото место, 68

[37] На истото место, 69

[38] Зградата во којашто, своевремено, функционираше киното "Балкан", постои и ден денес. Се наога на улица "Боро Џони" и немо сведочи за безброј одржаните филмски проекции во текот на неколку десетолетија. Во периодот мегу двете Светски војни, целокупниот културно - забавен живот се одвивал токму во овој објект. Во истата зграда, се случиле и други, не помалку, бурни настани од поновта историја на градот. Но, за тоа во некоја друга прилика.

[39] Види: А. Андријевић, цитирано дело, 21 - 22; При нашите дополнителни истражувања утврдивме дека овој податок што ни го дава А. Андријевиќ, се однесува на објектот што своевремено, 1921 или 1922 година, во североисточниот дел од градот, го изградил Петар Белев, а не за зградата во којашто било сместено киното "Балкан", какошто стои погоре во текстот. И овој објект бил наменет за киноприкажување. Според тоа, би можеле да

во градот, се работело за голема зграда од модерен тип, којашто, исто така, била градена со "модерен материјал"[40] и се наогала на периферијата од градот, во неговиот северо - источен дел којшто во овој период целосно се обновувал[41]. Како година во којашто била завршена изградбата на "киното", во постојната литература се зима 1927[42], или пак 1928 година[43].



*Во преден план, куќата на Ѓорги Мицков - Велешанец. Во втор план зградата на киното "Балкан"во 30 - те години од 20 век*

(фото - архива, Завод и Музеј - Струмица)

Во недостаток, на дополнителен изворен материјал, односно податоци и ние, барем засега, се определуваме за погоре посочениот период. Мегутоа, кога точно и со која филмска проекција се означило, формално, почетокот на киноприкажувачката дејност во овој објект, исто така, засега, останува непознаница, за којашто допрва ќе се бара одговор[44].

Сега, неколку реченици и за Гуљап Сулејманов, сопственик на зградата[45] наменета за кино[46]. Всушност, во текот на нашите истражувања

---

заклучиме дека првиот објект наменет за киноприкажување, во Струмица, бил изграден од страна на Петар Белев. Зградата пак на киното" Балкан" е изградена нешто подоцна.

40 на истотото место, 22

41 пак таму, 21 - 22

42 Види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;

43 Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26

44 За филмските наслови од овој период поопширно види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136; Борис Hоневски и др., Филмското стоелетие во Македонија, Скопје, 1995; Сад и Некад, Сп., год. I, бр. 16 од 10 - XII - 1936, 49 и др.

45 Приближно, во овој ист период, едно друго струмичко семејство, во Кукуш, сега во Р. Грција, изградило посебен објект со киносала, кадешто се одвивала киноприкажувачка дејност. Се работи за семејството Стамболиеви, коишто по завршувањето на Балканските и Првата светска војна и по трагично востановената поделба на Макаедонија, произлезена од

дојдовме до сознание, произлезено од разгледуваниот архивски материјал, според којшто сопственикот на "кино - зградата", во званичните документи, на пример при потпишувањето на договорите за закуп[47], не се потпишувал со презимето Сулејманов, туку со презимето Ахмедов[48] или Ахмед, што ќе рече дека вистинскиот идентитет на сопственикот на првиот објект во Струмица наменет за одржување на филмски проекции е Гуљап Ахмедов, а не Гуљап Сулејманов, како што досега се мислеше[49].

Понатаму, со изградбата на првото постојано кино, во градот се создале благопријатни услови за поредовно одржување на филмски проекции, со однапред познат термин и филмски репертоар, којшто, исто така "однапред бил планиран"[50] и за којшто, граѓанството, преку реклама и рекламен материјал на време било известувано[51].

---

овие војни, впрочем, како и многу други македонски семејства, останале да живеат разделени по Балканските земји. Оваа семејство се занимавало со производство, трговија и киноприкажувачка дејност. Производството се одвивало во Струмица ( тогаш веќе во состав на Кралството СХС) а трговијата и киноприкажувачката дејност во Кукуш. Види: Костадин Стамболиев, Сеќавања за струмичкото семејството Стамболиеви, запишала Емилија Петковска, Струмица, 2002

[46] Види: А. Андријевиќ, цитирано дело, 22;

[47] Види: ДАРМС, Фонд Културно Просветното Друштво "Реља Крилатица" (понатаму ФКПД "РК", Записничка книга II, Записник од 14 мај 1930 год., сигнатура: 7.188.3/7-8

[48] Види: на истото место, Записник од 27 јануари 1931 год., сигнатура: 7.1881.11/24-27, натаму Записник од 29 јули 1931 год., сигнатура: 7.1881.15/37-40; како и: ДАРМ, Фонд Обласен инженер (1941 - 1944), Протокол за службена проверка, сигнатура 1.131.16.4/82 - 85

[49] При тоа, ние, сосем, не ја отфрламе можноста дека оваа лице, можеби, меѓу граѓаните на Струмица било познато и како Гуљап Сулејманов. Види кај: Иван Станоев, Сеќавања на Ѓорги Василев Цинцев..., 25 - 26; Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136; нешто слично имаме и со сопственикот на хотелот "Палас", којшто во некои документи се среќава со вистинското име и презиме, односно како Гоно Александров, а во други со неговото популарно име и презиме, Гоне Гумулиев, со коешто бил познат меѓу струмичкото граѓанство. (види: ДАРМ, Фонд Влада на Македонија, за 1945/6 и 1948, Преглед на имоти од Струмица што ги користат државните органи или народните одбори.)

[50] Во составувањето на филмските програми особено се внимавало една филмска проекција да содржи: најнапред една бурлеска, па потоа главниот игран филм, за да програмата заврши со журнал и со уште една бурлеска; види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;

[51] Во врска со тоа, меѓу другото, како се изработувал и каков рекламен материјал се користел, Кирил Џонов, син на филмскиот вљубеник Илија Џонов, на едно место вели: "Јас цртав плакати на пак - папир со водени боици и ги лепевме на ѕидови, на огради..."; види: Илинденка Петрушева, Сонце на дирек, 124; Меѓутоа, со филмовите доагал и готов рекламен материјал, којшто бил распространуван низ градот, но поставуван и на рекламната табла поставена пред киното во Струмица; за тоа пак види кај: Иван Станоев, Сеќавања на Ѓорги Василев Цинцев..., 25 - 26;

Еве како, на пример, изгледало одржувањето на една проекција. Филмските проекции се одржувале еднаш во текот на денот, во некоја од веќе посочените локации во градот.



*Градски оркестар од Струмица*

(фото – архива, Завод и Музеј – Струмица)

На овие проекции присуствувале главно млади луѓе. Бидејќи филмовите биле неми, а пак за да биде поинтересно за гледачите, во текот на нивното прикажување, доброволно свирел некој од тогаш популарните градски оркестри, составени од гитари и мандолини, како што биле на пример оркестрите "Трубадур", "Руска чака" и др[52]. Или пак, неретко, коментари за време на проекциите правеле самите организатори на филмските проекции[53].

Според нас, интересно е овде да го одбележиме и воспоставувањето на една убава струмичка традиција, а тоа е одржувањето на посебни филмски проекции за деца и ученици, којашто, најверојатно, била поттикната од самите киноприкажувачи, натаму од вљубениците во филмската уметност, како и од тогашната интелигенција[54]; традиција којашто се негуваше се до згаснувањето, во најново време, на киното "Балкан".

[52] Види:Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26;

[53] На пример Илија Џонов правел коментари за време на проекциите и тоа на струмичко - гевгелиски дијалект; види: Илинденка Петрушева, Сонце на дирек, 124; види и кај: Костадин Костов, цитирана статија, 17

[54] Корените на оваа традиција би можеле да ги бараме во 1915 година и тогаш одржаната филмска проекција за деца и ученици. (види погоре во текстот) Според Кирил Џонов пак, најмногу интерес за филмските проекции покажувале учителите; види: Илинденка Петрушева, Сонце на дирек, 124; Во оваа смисла би го истакнале следново: и покрај грубата денационализаторската политика на тогашниот државен режим, ревносно спроведувана и преку воспитно - образовниот процес, сепак во училиштата имало и такви наставници коишто длабоко сочуствувале со учениците и граганството. Таков е примерот со познатиот

Всушност, се работи за воспоставување на една пракса, на еден процес, за организирано посетување на филмски проекции за учениците од основните и од погорните класови[55]. Така, во еден школски извештај за учебната 1938/39 година се вели: "..на 29 април, во попладневните часови, учениците под надзор на претпоставените наставници во тукашното кино го гледаа филмот "Тарзан"[56]. На овој начин, покрај другото, се правело и обид младата популација не само да се запознае, туку и да се здобие со еден посебен однос кон филмската уметност, настојувајки на тој начин да се култивира една филмска публика со префинет вкус, типична за урбаните средини каква што била Струмица[57]. Кај највозрасните струмичани, спомените за првите филмски проекции на кои присуствувале токму како ученици сеуште се мошне живи. Велика Димитровска родена во 1926 година, сега на 83 годишна возраст, со жар раскажува за својата прва филмска проекција којашто требало да се одржи во киното "Балкан" и тоа во октомври 1933 година.



*Старата зграда на Монополот кадешто меѓу двете светски војни се одржувале филмски проекции*

Мегутоа, поради извесни пречки, учениците наместо во киното "Балкан", биле одведени во салата при "старата зграда на Монополот",

композитор Никола Херцигоња, којшто, иако кратко време работел во струмичката гимназија, во себе гаел големи симпатии како кон учениците, така и кон населението; види: Писмо од Никола Херцигоња до вработените во Музичкото училиште "Боро Џони" во Струмица, датирано од 25 - II - 1976 год. (необјавено), факсимил од Писмото се наога и кај авторот на овој труд. За Н. Херцигоња поопширно види: Opća Enciklopedija jugoslovenskog leksikografskog zavoda, Zagreb, 1977, 396

[55] Види: Државна реална гимназија у Струмици, Извештај за школску 1938 - 39 годину, Скопље, 1939, 13

[56] на истото место; во Извештајот стои "Тарцан" и најверојатно се работи за печатна грешка.

[57] Види: Велика Димитровска, Сеќавање на мојата прва филмска проекција, запишал Васил Горгиев - Ликин, Струмица, 2009

кадешто успешно била одржана филмската проекција (филм со Чарли Чаплин)[58]. Впрочем, применувајќи нешто слично, струмичани ќе успеат да однегуваат и повеќе генерации на театарска публика[59].

За овој, тн. "мирнодопски период" од киноприкажувачката дејност, патем, ни преостанува да кажеме уште неколку зборови и тоа за појавата на тн. маалски кина[60], како и за "модернизацијата" на салата при киното "Балкан" во 1935 година.

Патем, при обработката на "маалските кина" и нивното евидентирање, повторно се сретнавме со семејството Баџакови, коешто покажало активности и на овој план. Имено, според кажувањата на Димитар Баџаков, некаде кон втората половина од 30 - те година на 20 век, татку му, веќе за нас познатиот Никола Баџаков, му купил мал прожектор со специјални филмски ленти, такашто во сопствената куќа одржувал маалски филмски проекции[61]. Што се однесува пак до "модернизацијата" само ќе споменеме дека во 1935 година во салата при киното "Балкан" била изградена бина[62], со што се создале услови, во овој објект, да се одржуваат театарски претстави[63] и други приредби од најразличен карактер.

---

[58] на истото место

[59] Всушност, тој процес никогаш и не престанал, мегутоа, сега со нешто видоизменет лик. Според тоа, имено, воопшто не е случајно што денес во Струмица успешно опстојуваат и функционираат и такви Фестивали какви што се на пример: Интернационалниот фестивал на документарен филм "Астер - фест", како и Мегународниот фестивал на камерен театар "Ристо Шишков".

[60] Поопширно види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;

[61] Види: Димитар Баџаков, Реминисценции за татко ми...;

[62] Види:ДАРМС, ФКПД "Р. К.", сигнатура 7.1881.109/327, лист 5

[63] Во овој период во градот гостувал и патувачкиот театар на Петре Прличко, којшто редовно отседнувал во пренокиштето на Горги Мицков, инаку роден велешанец, којшто во 1924 година од Велес се доселил во Струмица, види: Велика Димитровска, Сеќавање на мојата прва филмска проекција...;

**Киноприкажувачката дејност во периодот од 1941 до 1945 година**

Во текот на Втората светска војна, веќе постојните кина во Македонија продолжиле со својата работа, со тоа што сега некои од нив добиле нови сопственици или закупци, а некои пак нови називи.[64].

Киното "Балкан" во Струмица и во овој период продолжило да работи под истиот назив[65] и во истиот објект, но сега со променет назив на улицата, којашто била преименувана во "Кнез Кирил"[66]. Гуљап Ахмедов и понатаму останал сопственик на објектот, со таа измена што, како закупец на киното со целокупната опрема и инвентарот, сега се појавува Борис Шеќеринов од Скопје[67]. Една од особеностите на киноприкажувачката дејност во овој период е тоа што во 1942 година во киното "Балкан" бил монтиран првиот тонски кинопрожектор "Ерион I I"[68], сопственост на Борис Шеќеринов[69].

Од расположливиот архивски материјал, дознаваме дека зградата во којашто било сместено киното "Балкан", и во овој период, го задржала својот првобитен изглед. Така, во еден Записник датиран од 12 ноември 1942 година се вели дека "киното е сместено во еден масивен објект изграден од цврст материјал и е наменет за таа цел"[70]. Понатаму, од истиот записник дознаваме и други мошне интересни поединости и детаљи, како што се на пример поединостите околу внатрешната уреденост на киното во овој период и др.

Имено, на влезот од киносалата имало мала чекална ( од околу 7 квм) и каса за продажба на билети. На посетителите им стоело на располагање едно бифе, натаму посебно место за пушење и санитарен чвор. Киносалата

---

[64] Види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;

[65] Види: ДАРМ, Фонд Обласен инженер ( 1941 - 1944), Обяснителна записка од 12 ноемврий 1942 година;

[66] на истото место

[67] Види: ДАРМ, Фонд Влада на Македонија - Управа на народни имоти; ДАРМС, Фонд Околиски Народен Одбор - 1945, сигнатура 7.7.12.5/9-10; Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26;

[68] Види: ДАРМ, Фонд Обласен инженер ( 1941 - 1944), Протокол за службена проверка од 20 февруари 1943 година, сигнатура 1.131.16.4/82 - 85

[69] Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26;

[70] Види: ДАРМ, Фонд Обласен инженер ( 1941 - 1944), Обяснителна записка од 12 ноемврий 1942 година.

пак имала четири излези кон улицата, чиишто врати се отварале нанадвор и над коишто стоел светлосен натпис - "Излез"[71].

Самата киносала била со површина од 241,48 квм и во неа било сместено: 151 стол, чиишто седишта биле самоподвижни и 147 со неподвижни или вкупно 298 столови[72] поделени на I и I I место во партерниот простор[73]. На Галеријата, односно на "Балконот", во три реда, биле поставени 66 обични и неприкрепени, за подот, столови и чиишто седишта биле неподвижни[74]. Или вкупно во киносалата имало 364 места за седење.

Кабината во којашто била сместена киноапаратурата не била одделена од салата, но била преградена со тенки бетонски зидови. Од овде, всушност се раковедело не само со киноопремата, туку и со осветлувањето на салата, на излезите итн.

Галеријата била изработена од дрвен материјал и до неа посетителите се качувале од внатрешноста на салата со помош на дрвени скалила.

Подот пак на салата бил хоризонтален и изработен од даски и се премачкувал со посебно, специјално масло за под. Таванот исто така бил изработен од дрвен материјал и со височина од 7, 40 м[75].

Што се однесува пак до дистрибуцијата на филмовите во овој период, тие сега доагале од Германија (УФА) или од Италија (Луче) и тоа преку нивните застапници во Софија[76], додека во репертоарот, претежно биле застапени филмови од германско, италијанско и унгарско производство, коишто ги истиснале американските, француските и советските филмови[77]. По македонските кина во овие воени времиња можеле да се проследат

---

[71] Види: на истотот место
[72] Види: на истото место
[73] Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26;
[74] Види: ДАРМ, Фонд Обласен инженер ( 1941 - 1944), Обяснителна записка од 12 ноемврий 1942 година; ДАРМ, Фонд Обласен инженер ( 1941 - 1944), Протокол за службена проверка од 20 февруари 1943 година, сигнатура 1.131.16.4/82 - 85
[75] Види: ДАРМ, Фонд Обласен инженер ( 1941 - 1944), Обяснителна записка од 12 ноемврий 1942 година.
[76] Види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;
[77] Види: на истотото место; Лицето Васил Гунчев, роден 1926 година во Струмица, којшто беше интервјуиран од наша страна, ни спомена дека во овој период на репертоарот на киното "Балкан" биле застапени унгарски воени филмови; за тоа види кај авторот на овој труд.

следниве филмски наслови: "Кармен" со Империо Аргентина, "Прилепт" со Лида Бара и Ханс Мозер, "Обвинувам" со Паул Хартман, "Пролетна серенада" со Магда Шнајдер, "Стариот валцер" со Ласло Силаши, "Две сирачиња" со Алида Вали и др[78].

Струмичкото кино, во овој период, го опслужувале: кинооператор, администратор - касиер, еден вратар и еден хигиеничар[79]. Кинооператор[80] во текот на војната бил Алекасандар Наумов - Минела (1918 - 1967)[81] , којшто од Битола во Струмица дошол некаде во почетокот на Втората светска војна (кон крајот на 1941 или во 1942 година). Неговото доагање е поврзано со еден инцидент којшто се случил во едно од тогашните битолски кина. За овој настан ни раскажа неговиот син  Владимир Наумов.

Имено,  Алекасандар Наумов - Минела уште како мошне млад се заинтересирал за филмската уметност, а пак првичните контакти и запопознавања, како и можностите да се занимава со кинооператорство исто така ги стекнал во некое од кината коишто егзистирале во Битола во периодот мегу двете светски војни[82].

Критичната ноќ, за време на подготовките за претстојната филмска вечер, А. Наумов - Минела, којшто бил антифашист по убедување, лентата со журналот ја премотал наопаку на кинопроекторот, такашто при прожектирањето сцените со напредувањето на германските војски низ европските фронтови изгледале мошне смешно за присутната битолска публика. По овој инцидент  и отвореното исмејување на нацистичката идеологија, но и по  сериозните закани, Минела морал да го напушти родниот

---

[78] Види: на истото место

[79] Види: Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26;

[80] Според тогашните Законски одредби  за индустриските претпријатија, работилници, електро - капацитети и кино - театрите, единствено лицата коишто поседувале свидетелствао за кинооператори биле овластени да се занимаваат со оваа дејност. Види: ДАРМ, Фонд Обласен инженер (1941 -1944).

[81] Види:Владимир Наумов, Спомени за татко ми Александар Наумов - Минела, запишал Васил Горгиев - Ликин, Струмица, 2009; Иван Станоев, Сеќавања на Горги Василев Цинцев..., 25 - 26;

[82] За битолските кина мегу двете светски војни поопширно види: Игор Старделов, Манаки, Скопје, 2003, 77 - 81;  Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;

град. Мегутоа, била воспоставена брза и ефикасна врска со Борис Шеќеринов, такашто набргу се префрлил на работа во Струмица, односно во киното "Балкан", чијшто соственик бил токму Шеќеринов[83].



*Александар Наумов – Минела (1918 – 1967)*

(фото – архива, Завод и Музеј – Струмица)

И по завршувањето на воените операции на територијата на Македонија (втората половина на 1944 година), постојаните кина продолжиле со својата работа. Мегутоа, во 1946 година Филмската дирекција за Македонија извршила национализација на вкупно 17 постојани кина[84].

Што се однесува пак до понатамошната судбина на киното во Струмица ќе споменеме дека неговиот сопственик Борис Шеќеринов на 11 јуни 1945 година го подарил на градскиот ЕНОФ[85], додека објектот во којшто било сместено киното "Балкан" бил национализиран во 1948 година со што подпаднал под управа на градскиот народен одбор[86].

Киното "Балкан" продолжило со својата работа и во наредните педесетина години, но сега во сосем поинакви услови, се таму некаде до деведесетите години од 20 век, кога под чудни околности го згасна својот повеќедецениски живот.

Зградата пак, во којашто егзистираше киното "Балкан" за среќа сеуште може да се "пронајде" на истото место, но таа сега е нема и

---

[83] Види:Владимир Наумов, Спомени за татко ми..;
[84] Види: Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот..., 111 - 136;
[85] Види: ДАРМС, Фонд Околиски народен одбор - 1945 год., сигнатура 7.7.12.5/9-10
[86] Види: ДАРМ, Фонд Влада на Македонија (национализирани имоти, претпријатија и објекти).

напуштена, иако повремено се обидува да ги потсети струмичани на веќе помалку подзаборавените времиња.

## Наместо заклучок

Во овој наш труд се обидовме да изнесеме нови и непознати моменти од историјата на киноприкажувачката дејност во Струмица, за коишто се надеваме ќе фрлат барем малку повеќе светлина и појаснувања за овој мошне интересен сегмент од нашето живеење. Мегутоа, како што и споменавме на почетокот од нашиов труд, истражувањата на оваа поле и натаму продолжуваат, тие не завршуваат овде, такашто претстојните нови податоци, до коишто ќе се дојде во иднина, уште повеќе ќе ги збогатат сознанијата за оваа материја.

Од досега кажаното, како и од веќе постоечката литература којашто ја третира оваа проблематика, би можеле да заклучиме дека и покрај неповолните и мошне непријатни услови во коишто опстојувал и живеел овдешниот човек[87], сепак неговите креативни сили во голема мера ги надминале и кршеле насилно поставените државни и општествени стеги. Во таа смисла нашиот човек со крајни напори се трудел да не остане понастрана од новите светски текови ( во нашиов случај тоа е филмската уметност), коишто со светлосна брзина го преокупирале не само тогашниот креативен свет, туку и обичниот човек. Такашто, ова е само уште едно сведоштво за чудесната виталност и кретивност на овој народ, којшто, кога е поставено прашањето за неговиот опстој, животно е заинтересиран да изнајде и пронајде најразлични форми на отпор и самозаштита.

[87] Овој период е исполнет со многу премрежја и судбоносни настани, какви што се на пример Илинденското востание, Балканските војни, понатаму I и II Светска војна, територијалното распарчување на единствената татковина, како и грубата денационализаија и преживеаниот геноцид, итн.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## Извори

Домовник парохије струмичке, кн. I

Димитар Баџаков, Реминисценции за татко ми Никола Баџаков, запишал Васил Ѓоргиев - Ликин, Струмица, 2009

Иван Станоев, Сеќавање на Ѓорги Василев Цинцев од Струмица, Кинотечен месечник, Кинотека на Македонија, Скопје, 1982, бр. 26

Државен Архив на Република Македонија - одделение Струмица, Фонд Евангелско - методистичка црква 1882 - 1946.

Сеќавање на Маргарита Стаменова Атанасова, запишал Васил Ѓоргиев - Ликин, Струмица, 2009

Државен Архив на Република Македонија, Фонд Министерство за трговија и индустрија на Кралството Југославија.

Костадин Стамболиев, Сеќавање за струмичкото семејство Стамболиеви, запишала Емилија Петковска, Струмица, 2002

Државен Архив на Република Македонија - одделение Струмица, Фонд Културно просветно друштво "Реља Крилатица".

Државен Архив на Република Македонија, Фонд Обласен инженер (1941 - 1944)

Државен Архив на Република Македонија, Фонд Влада на Македонија.

Писмо од Никола Херцигоња испратено до вработените во музичкото училиште "Боро Џони" во Струмица, датирано од 25 - II - 1976.

Државна реална гимназија у Струмици, Извештај за школску 1938 - 39 годину, Скопље, 1939

Велика Димитровска, Сеќавање на мојата прва филмска проекција, запишал Васил Ѓоргиев - Ликин, Струмица, 2009

Државен Архив на Република Македонија - одделение Струмица, Фонд Околиски народен одбор - 1945.

Владимир Наумов, Спомени за татко ми Александар Наумов - Минела, запишал Васил Ѓоргиев - Ликин, Струмица, 2009

Фото - Архивата на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј, Струмица

Литература

Илинденка Петрушева, Фотографијата и филмот на почвата на Македонија, МАНУ, Скопје, 2007
Кристина и Михаил Цеков, 120 години протестантизам во Струмица, Струмица, 2002
Илинденка Петрушева, Сонце на дирек, Скопје, 2005
А. Андрејевић, Струмица - земља и народ, Ниш, 1923
БорисНоневски и др., Филмското столетие во Македонија, Скопје, 1995
Костадин Костов, Титаник во струмичките села, Кинопис 25 (14), Скопје, 2002
Opča Enciklopedija jugoslovenskog leksikografskog zavoda, Zagreb, 1977
Игор Старделов, Манаки, Скопје, 2003

Списанија

"Пат на животот", месечно списание на евангелско - методистичката црква на Југославија, год. XI, бр. 3, март 1981
Забавни магазин "Сад и Некад", год. I, бр.16, децембар 1936
Недељни Илустровани Лист, год. 1941, бр.2, јануар 1941